**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-102/5**
**Скопје, 27.04.2023 година**

Записник од седумдесет и осма седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 27.04.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-Иџет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седумдесет и осмата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 77 (седумдесет и седма) седница на Советот.
2. Донесување на Одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во ВЈО Скопје, поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител Коле Штерјев.
3. Донесување на одлука за објавување на Оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струмица.
4. Формирање на Комисии за спроведување на интервјуа со кандидатите пријавени на огласот за избор на јавни обвинители.
5. Разно

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 78-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 77 (седумдесет и седмата) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека на јавниот обвинител во ВЈО Скопје, и член на Советот на јавните обвинители на РСМ, г-дин Коле Штерјев на ден 02.05.2023 година, ги исполнува условите за старосна пензија со навршување на 64 години возраст. Од таа

причина кажа дека Советот треба да донесе одлука и решение за престанок на функција јавен обвинител во ВЈО Скопје, заклучно со 02.05.2023 година.

Од страна на членовите на Советот едногласно беше одлучено да се донесе одлука и решение за престанок на функција јавен обвинител за г-дин Коле Штерјев.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во ВЈО Скопје, за јавниот обвинител Коле Штерјев поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години возраст.**

Под точка два од дневниот ред, Претседателот на Советог-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот, дека на ден 15.07.2023 година, на Основниот јавен обвинител на ОЈО Струмица му престанува мандатот како шеф на ова јавно обвинителство и воедно предложи, Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струмица.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струмица.**

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот истакна дека на претходната седница на Советот биле формирани комисии кои ќе ги спроведат интервјуата со кандидатите за јавни обвинители, но кажа дека ќе има измена во делот на една од Комисиите каде наместо г-ѓа Душица Димитриевска поради спреченост, како член на Комисијата ќе биде Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски. Новиот состав на Комисиите кои ќе вршат изнтервјуа со кандидатите за јавни обвинители е: г-ѓа Фиданка Рајевска, г-дин Влатко Георгиевски и г-дин Арбер Исаку, а во другата Комисија ќе бидат г-ѓа Јасна Жежова, г-дин Иџет Мемети и г-дин Антонио Јолевски.

Под точка Разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со содржината на барањето за информации од јавен карактер од страна на г-дин Васко Маглешов, која бара да се достави примерок од записник од 01.11.2017 година, кога е извршено гласање за давање на мислење за Јавен обвинител на РСМ.

Од страна на членовите на Советот беше одлучено истиот биде објавен на веб страницата на Советот и со тоа ќе биде достапен за јавноста.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со содржината на писмото доставено до Советот од страна на Основниот јавен обвинител на ОЈО Куманово, г-ѓа Теута Бедиу Рамадани во врска со бројот на јавни обвинители во ова јавно обвинителство и статусот на јавниот обвинител Љубомир Лапе, каде бара јавниот обвинител биде вратен на работа во ОЈО Куманово, кој со решение на Советот веќе е вратен од СЈО во ОЈО Куманово, а истиот не доаѓа на своето работно место, веќе подолг временски период.

Член на Советот предложи за ова да се разговара со Јавниот обвинител на РСМ, во врска со овој случај и да се извести ОЈО на ОЈО Куманово.

Под истата точка од дневниот ред беше дискутирано за изјавата на јавниот обвинител Ленче Ристоска, каде Советот беше обвинет дека тргува со интереси при вршењето на избор на јавни обвинители и дека тоа води кон систем што не може да одговори во борбата со корупцијата. Од страна на Советот беше констатирано дека ваквата изјава е надвор од границите на етичкиот кодекс, и доколку јавниот обвинител има такви сознанија да го извести Советот за кого станува збор. Воедно беше кажано дека јавните обвинители Ленче Ристоска и Љубомир Лапе и покрај донесената одлука од страна на Советот за враќање во матичните јавни обвинителства, четири години не се вратени на работа, а притоа земаат плата, и Советот не може да унапреди некого во кариерата, а да притоа незнае што има сработено за тоа време.

Збор зема г-дин Иџет Мемети кажа дека во нашето општество овој тип на изјави за жал полека но сигурно прараснуваат во менталитет, го има во сите сфери не само во правосудната. Секако дека ваквите тендециозни настапи во јавноста не помагаат туку напротив го руинираат кредибилитетот на институциите. Најблаго речено се работи за тенденциозна и неетична изјава со која треба да се позанимава самата фела односно Етичкиот совет. Воедно е со мислење дека Советот треба да завземе став, истовремено предложи претседателот да организира брифинг со новинарите, а се со цел преку нив јавноста да добие повеќе информации како за работата на Советот, така и за работата на јавните обвинители.

Член на Советот се повика на изјавата на јавниот обвинител г-ѓа Ленче Ристоска во врска со статусот на Советот, и воедно кажа дека претходно имало доста дебати во врска со статусот на Советот, дали истиот да биде професионален или не професионален каде што притоа биле разгледани позитивните и негативните страни на двете варијанти. Истакна дека сепак било одлучено Советот да функционира професионално и заклучи дека во крајна линија односот на јавниот обвинител Ленче Ристоска е недоличен и воедно го нарушува угледот на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку во врска со добиеното писмо од страна ОЈО на ОЈО Куманово, истакна дека има сознанија дека двајца јавни обвинители не доаѓаат редовно на работа и дека истите не постапуваат по предмети и за да се подврдат овие сознанија даде предлог, Советот да се обрати до ОЈО на ОЈО Куманово и ОЈО на ОЈО Скопје, за да се достават извештаи за последните шест месеци, на кои предмети имаат работено овие јавни обвинители и колку предмети имаат сработено, и воедно се осврна на изјавата на јавниот обвинител Ленче Ристоска за што приложи и извадик од медиуми за кој побара истиот да биде составен дел на овој записник, во кој јавниот обвинител г-ѓа Ленче Ристоска го обвинува и напаѓа Советот. Смета дека оваа изјава за него е неприфатлива од причина што се работи за тешки и невистинити обвинувања, и воедно кажа дека доколку јавниот обвинител г-ѓа Ленче Ристоска има докази и сознанија за тоа што го има кажано, да поднесе на записник пред основен јавен обвинител крицична пријава. Воедно предложи Советот на јавните обвинители на РСМ, писмено да се обрати до Етичкиот совет при ЈОРСМ, и по добиеното мислење од страна на Етичкиот совет, Советот на јавните обвинители на РСМ да заземе став како понатаму ќе постапи.

**Заклучок: членовите на Советот одлучија, Советот во писмена форма да се обрати до Етичкиот совет за мислење во врска со изјавата на јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-ѓа Ленче Ристоска.**

Под истата точка од дневниот ред г-дин Ицет Мемети ги запозна членовите на Советот со содржината на предметот-претставка РО бр.121/21.

Беше одлучено за овој предмет биде известен Јавниот обвинител на РСМ, и од Основниот јавен обвинител на ОЈО Скопје да се побараат списите по овој предмет.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи седумдесет и осмата седница на Советот.

Записникот го водел:
Аспарух Мисајловски
Генерален секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**